**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 29.09.2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 3519 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ

3. **Датум на извршување на надзорот:** 28 септември 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари"*.

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ гu исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД ХОЛИДЕЈ Прилеп ДООЕЛ во 2020 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2020 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал четири лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 14.09.2021 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-3376/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 23-ти септември 2021 година (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 23.09.2021 година и Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за три лица, издадени од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, како и еден договор на дело склучен помеѓу радиодифузерот и едно физичко лице) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно четири лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***